Архивски број: 08-304/8
17-08-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08 – 304 од 23.05.2022 година, поднесена од [redacted], против [redacted] Гевгелија, за извршена дискриминација врз основа на социјално потекло, ментална и телесна попреченост и имотен статус во пристапот до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 16.08.2022 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на социјално потекло, ментална и телесна попреченост и имотен статус во пристапот до добра и услуги од страна на [redacted] Гевгелија кон [redacted]

Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08 – 304 на 23.05.2022 година, од подносителот [redacted] за извршена дискриминација по основ на социјално потекло, ментална и телесна попреченост и имотен статус во пристапот до добра и услуги од страна на [redacted] Гевгелија.

Подносителот на претставката бил клиент на [redacted] Гевгелија, кој како играч и обложувач ги користел услугите на правното лице. Согласно наводите во претставката, подносителот тврди дека на 03.03.2022 година, кон 19 часот му бил оневозможен пристапот во електронското казино. По обид за посета на објектот, подносителот бил известен дека менаџментот на правното лице донел одлука да му биде забранет пристапот во објектот.

Подносителот во претставката истакнува дека со актот на забрана за влегување во објектот на казиното, му се повредени правата на слободно движење, престојување на јавно место и оневозможен му е пристапот до услугите во кои инвестирал парични средства при претходните посети, со кое дејствие према него е сторена дискриминација.

Ценејќи ги наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 30.06.2022 година испрати Известување бр. 08 - 304/6 за произнесување по наводите од претставката до [redacted] Гевгелија.

На 03.08.2022 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување по претставката од управителот на Друштвото за угостителство и игри на среќа [redacted] Гевгелија.

Во произнесувањето е наведено дека лицето [redacted] бил редовен клиент на казиното од почетокот на месец декември 2021 година се' до 03.03.2022 година, кога влезот во казиното му бил оневозможен. Како причина поради која на подносителот не му бил дозволен влез во автомат клубовите во сопственост на друштвото, во произнесувањето се наведува дека истиот непристојно се однесувал, со што го попречувал престојот на останатите гости во објектот. Во тој случај, вработените во казиното постапиле согласно точка 12 од Правилата на игри на среќа на автомати од [redacted] Гевгелија:

*„На гостин во автомат клубот може да му се ускрати престојот во автомат клубот доколку непристојно се однесува, ги попречува другите гости, е облечен несоодветно или во работна униформа, ако е под влијание на алкохол или наркотични средства и од безбедносни и други оправдани причини за што одлучува овластениот работник."*

Согласно наводите во произнесувањето, интерните правила на друштвото се однесуваат и применуваат на сите гости во автомат клубовите кои се во сопственост на друштвото. Па оттука, постапувањето со подносителот на претставката не бил единствен, изолиран случај во кој на гостин му бил оневозможен пристап до објект во сопственост на друштвото.

Се негираат и наводите дека врз [redacted] е извршена дискриминација врз основа на социјално потекло, ментална и телесна попреченост, имотен статус, ниту по било која друга дискриминаторска основа, од причина што тој како клиент се однесувал недолично, го попречувал нормалниот тек на работа во друштвото и ги вознемирувал останатите присутни во објектите.

Подносителот на претставката не го направи веројатно тврдењето изнесено во претставката дека во конкретниот случај кон него е сторена дискриминација од страна на Друштвото за угостителство и игри на среќа [redacted] Гевгелија. Од тврдењата на подносителот на претставката не произлезе причинско – последична врска помеѓу дискриминаторските основи наведени во претставката и оневозможениот пристап до објектот. Не е докажан ниту нееднаков третман кон подносителот на претставката, имајќи предвид дека друштвото постапувало по Правилата на игри на среќа на автомати, кои се однесуваат на сите клиенти – гости на друштвото. Во таа насока пристапот до објектот бил оневозможен согласно внатрешните акти и правила на друштвото – давател на услугите, што претставува пропорционална, соодветна и неопходна мерка и не може да се смета за дискриминација согласно законската дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Имајќи го предвид горенаведеното и законските одредби од член 6 и 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето, дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на [redacted] Гевгелија кон [redacted], врз основа на социјално потекло, ментална и телесна попреченост и имотен статус во пристапот до добра и услуги.

Скопје
16.08.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk